Арх. знак 0201
Рок на чување ~~151~~ 20__ год.
Потпис,

*Р Е П У Б Л И К А  М А К Е Д О Н И Ј А*
*МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА*

*ПРАВИЛНИК*
*за начинот на прием на кандидати за офицери и подофицери на служба во Армијата на Република Македонија по пат на интерен оглас*

*-Скопје, март 2015 година-*

Врз основа на член 32 став 11, член 33 став 4 и член 34 став 3 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/10, 23/11, 47/11, 148/11, 55/12, 29/14 и 33/15), министерот за одбрана, донесе

## *ПРАВИЛНИК*
## *за начинот на прием на кандидати за офицери и подофицери на служба во Армијата на Република Македонија по пат на интерен оглас*

### *Член 1*

Со овој Правилник се пропишува начинот на прием на кандидати за офицери и подофицери на служба во Армијата на Република Македонија (во натамошниот текст: Армијата) по пат на интерен оглас.

### *Член 2*

Приемот на кандидати за офицери и подофицери на служба во Армијата се врши според искажаните потреби за пополнување на Армијата со офицери и подофицери, а во согласност со актот за формација на Армијата.

### *Член 3*

Постапката за прием на кандидати за офицери и подофицери на служба во Армијата се спроведува по пат на интерен оглас во согласност со закон објавен на интернет страницата на Министерството за одбрана (во натамошниот текст: Министерството) и Армијата, како и на огласните табли во Министерството и во командите и единиците на Армијата.

Интерниот оглас од став 1 на овој член ги содржи општите и посебните услови кои треба да ги исполнуваат кандидатите за прием на офицери и подофицери на служба во Армијата, родот, службата и бројот на кандидати за кои се објавува огласот, документите кои треба да бидат приложени кон пријавата, датумот на објавувањето на огласот и рокот за пријавување на кандидатите.

### *Член 4*

На интерниот оглас можат  да се пријават припадниците на активниот воен и цивилен персонал на служба во Армијата и вработените во Министерството кои ги исполнуваат условите утврдени во огласот.

Пријавите за огласот се доставуваат до Комисијата за прием на кандидати за офицери и подофицери (во натамошниот текст: Комисијата), преку командите и единиците на Армијата, односно организационите единици на Министерството.

*Член 5*

При приемот на кандидатите за офицери и подофицери се води сметка за соодветна и правична застапеност на кандидатите кои припаѓаат на сите заедници, со почитување на критериумите за стручност и компетентност, како и почитување на принципот на еднаквост на половите.

*Член 6*

Комисијата е составена од претседател, два члена и нивни заменици.

Техничките и административните работи на комисијата ги врши секретар на Комисијата кој го определува претседателот на Комисијата, без право на глас во одлучувањето на Комисијата.

Во работата на Комисијата, по потреба можат да учествуваат претставници на организациони единици на Министерството и Генералштабот на Армијата и Военомедицинскиот центар, во рамките на својот делокруг на работа.

*Член 7*

Комисијата од член 6 на овој правилник изработува план со утврдена динамика на спроведувањето на постапката за прием на кандидати од член 1 на овој правилник, кој го оверува министерот за одбрана или од него овластено лице.

*Член 8*

Постапката за прием на кандидати од член 1 на овој правилник се одвива во шест фази.

*Член 9*

Првата фаза опфаќа прием, евидентирање и административна проверка на поднесените документи во смисла на нивна благовременост, потполност и веродостојност.

Кандидатите чии документи се нецелосни, писмено се известуваат дека се одбиени, со образложение за причините на одбивањето.

*Член 10*

Втората фаза опфаќа изработка на преглед на кандидати кои имаат поднесено комплетни и веродостојни документи по објавениот интерен оглас, врз основа на кој кандидатите писмено се известуваат за времето на јавување на здравствени прегледи за утврдување на посебна здравствена и физичка способност, проверка на физичката способност и проверка на познавањето на англискиот или друг светски јазик.

## *Член 11*

Третата фаза опфаќа спроведување на здравствени прегледи заради утврдување на посебна здравствена и физичка способност потребна за вршење на служба во Армијата, согласно Правилникот за мерилата за оценување на посебната здравствена и физичка способност на воениот персонал за служба во Армијата на Република Македонија.

Здравствените прегледи се спроведуваат во Воено медицинскиот центар.

## *Член 12*

Четвртата фаза опфаќа спроведување на проверка на физичката способност и проверка на познавањето на англискиот или друг светски јазик.
Проверката на физичката подготвеност се спроведува согласно Правилникот за начинот на одржување и проверка на физичката способност на активниот воен персонал на служба во Армијата на Република Македонија.

Проверката на познавањето на англискиот или друг светски јазик се спроведува во Центарот за странски јазици во Командата за обука и доктрини, согласно усвоените стандарди.

## *Член 13*

Петтата фаза опфаќа изработка на листа кандидати кои ги исполнуваат условите на огласот, се оценети со оценка „Способен" на здравствените прегледи, и оценките од извршената проверка на физичката подготвеност и проверката на познавањето на англискиот или друг светски јазик.

## *Член 14*

Шестата фаза опфаќа доставување на листата на кандидатите од член 13 на овој правилник, до министерот за одбрана.

## *Член 15*

На крајот од секоја фаза, Комисијата писмено ги известува кандидатите кои не продолжуваат со постапката за прием, при што им ги враќа поднесените документи.

## *Член 16*

Изборот на кандидатите од листата од член 14 од овој правилник го врши министерот за одбрана или од него овластено лице.

Со избраните кандидати, министерот за одбрана или од него овластеното лице склучува договор за стручно оспособување и усовршување за офицери, односно подофицери, во согласност со закон и друг пропис.

По завршувањето на стручното оспособување и усовршување, во зависност од потребите на Армијата, лицата се произведуваат во почетен чин

за офицер, односно подофицер во соодветен род или служба и се поставуваат на должности согласно актот за формацијата на Армијата.

***Член 17***

Со денот на влегување во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот на спроведувањето на постапката за прием на кандидати за офицери и подофицери на служба во Армијата на Република Македонија по пат на интерен оглас, бр. 01-3579/1 од 03.07.2012 година.

***Член 18***

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави на интернет страницата на Министерството и Армијата и на огласните табли на Министерството и командите и единиците на Армијата.

*Бр.* 01-2054/1

17-03-2015 *2015 година*

*Скопје*

***МИНИСТЕР ЗА ОДБРАНА***

***Зоран Јолевски***